РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-349/5
21-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**Одлука**

**Постапката по предметот број 09-5041/1 од** 01.11.2019 **година, оформен по сопствена иницијатива против лицето** ------- -------, - член на ----- -- ---- -----, член на комисијата за ------- ------- при ------- ------ на РСМ и член на комисијата за ------- -- ------ ------- при Министерство за ------ - -------, **СЕ ЗАПИРА.**

**По редовна проверка на Образецот изјава за интереси** поднесен од страна на **лицето** -------- -------- при извршување на функцијата член на ------ -- ---- -----, ДКСК утврди прекршување на одредби од ЗСКСИ **но** поради постапување на надлежен орган и промена на фактичка состојба, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по предмет со број 09-5041/1 од 01.11.2019 година, оформен врз основа на сопствена иницијатива согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ------ ------ со бр. 09-3251/1 од 27.11.2017 година и утврди дека истата е член на ---- -- ---- ------, член на комисијата за ------ ----- при ------ ------ на РСМ и член на комисијата за -------- -- ------ ------- при Министерство за ------- - -----.

Пред ДКСК да утврди состојба на кумулација на функции, се обрати до Министерство за ------ - ----- и ----- ----- на РСМ и од нив побара податоци за статусот на комисиите во кои членува гореспоменатото лице, начинот на избор на членови во тие комисии и дали за членувањето во истите се исплаќа надоместок.

По доставените одговори од надлежните институции, ДКСК до ------ ------ достави известување и барање за постапување, односно ја извести за констатираната состојба на кумулација на функции и од неа побара во рок од 15 дена од приемот на известувањето да постапи по укажувањето на ДКСК, односно дека не смее истовремено да врши повеќе од една јавна функција.

Гореспоменатото лице ----- -------, и покрај укажувањето од страна на ДКСК, не постапи по истото, туку поднела тужба до Управниот суд на РСМ, по што Управниот суд донесе РЕШЕНИЕ со кое тужбата на тужителот ------- -------, изјавена против Известување и барање за постапување од страна на ДКСК, се отфрла.

Со оглед на тоа што во моментот кога ДКСК достави Известување и барање за постапување до гореспоменатото лице беа изминати две години од сторувањето на прекршокот, што е законски рок за изрекување на прекршочна санкција согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците *„Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот“*, ДКСК и покрај констатираните повреди на член 44 став 1 и 4 од ЗСКСИ, не можеше да поведе прекршочна постапка со издавање на прекршочен платен налог и записник за констатиран прекршок против сторителот на законските повреди.

При повторно разгледување на предметните наводи, ДКСК повторно се обрати до Министерство за ------- и ------- ------ со барање информации дали лицето сеуште е член на Комисијата за ------ ------ ------ при --- и комисијата за ------- ------- при ------ ------ на РСМ.

До ДКСК пристигна одговор од двете институции со кој ја известија ДКСК, дека лицето повеќе не е член на гореспоменатите комисии во нивна надлежност и за истото во прилог доставија решенија со кои се констатира престанокот на функциите.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на Седницата одржана на ден 15.04.2022 година, ДКСК утврди дека лицето ------- ------- сторила повреда на член 44 став 1 и 4 од ЗСКСИ, односно истовремено извршувала повеќе од една јавна функција, што е казниво по член 105 од ЗСКСИ, но поради застареност на прекршокот против неа не можеше да биде поведена прекршочна постапка. Имено, за случајот постапил надлежен орган, односно Управниот суд, кој донел Решение со кое тужбата на тужителот се отфрла.
Од друга страна пак, со тоа што лицето повеќе не е член во гореспоменатите комисии настаната е промена на фактичката состојба, поради што ДКСК одлучи да го запре постапувањето по предметот и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК